


# Заев се премисли: Промената на имињата на училиштата е законска

Лидерот на СДСМ, Зоран Заев вчера рече дека е незаконска промената на училиштата во Чаир, денеска се премисли и смета дека такво нешто е во ред. „Вчера и денеска ги проверивме сите аспекти од постапката на носење на имињата на основните училишта во Чаир.

После темелна анализа, правни тимови констатираа и ме информираа дека промената на имињата е согласно членот 26 од Законот за основно образование. Откако училишниот одбор донел одлука за измена на Статутот на училиштето со што се променува името на училиштето и се додава уставното име на државата, истата била потврдена и од страна на Советот на Општина Чаир. Баденетерово мнозинство не било неопходно.

Одговорноста пред граѓаните подразбира и темелна проверка на фактите и спречување на какви било обиди за политичко поентирање врз база на меѓуетничките односи во нашата земја.

Одговорно е да се водиме од словото на законот, нема и не смее да има простор за ширење национализам и поделби.

СДСМ е партија предводник на концептот едно општество за сите која се води исклучиво од словото на законот“, истакна Заев.

https://fokus.mk/zaev-se-premisli-promenata-na-iminata-na-uchilishtata-e-zakonska/